Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот --------------------- од Скопје доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 30 тата седница одржана на 15.05.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена на 23.05.2019 година поднесена од ------------------- од Скопје до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2822/1 од 23.05.2019 година, во која се укажува на сомневање за неправилности во постапувањето на ---------------------------, Раководител на Секторот за инспекциски надзор во областа на работните односи за регион 1 Скопје во Државниот инспекторат за труд во врска со претставката по Одлуката за давање отказ на Договорот за вработување на ---------------------, главен ревизор на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје поради кршење на работниот ред и дисциплина бр.04-1109/1 од 27.11.2018 година, како и непостапување на другите државни институции (Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Управниот суд на Република Северна Македонија), по пријавите/ претставките поднесени од подносителот ------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2822/1 од 23.05.2019 година, поради тоа што другите надлежни институции (Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Управниот суд на Република Северна Македонија,Основниот граѓански усуд Скопје) постапиле согласно своите законски надлежности во конкретниот случај, ја утврдиле фактичката состојба и донеле соодветни одлуки согласно закон.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со 12-2822/1 од 23.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од ------------------------- од Скопје.

Во пријавата се укажува на сомневање за неправилности во постапувањето на ----------------------, Раководител на секторот за инспекциски надзор во областа на работните односи за регион 1 Скопје во Државниот инспекторат за труд во врска со претставката по Одлука за давање отказ на договорот за вработување на --------------------------, главен ревизор на Универзитетот " Св.Кирил и Методиј" во Скопје поради кршење на работниот ред и дисциплина бр. 04-1109/1 од 27.11.2018 година. Кон пријавата подносителот достави документација, (договори, одлуки, решенија ) во врска со предметниот случај. Во пријавата подносителот наведува дека изјавил жалба против Решението на Државниот инспектор за труд при Државниот инспекторат за труд ИП 1 бр.09-2280 од 03.01.2019 година, но сеуште нема одговор, а по поднесената тужба до Управниот суд на Известувањето на Државниот инспекторат за труд, Управниот суд не постапил.

Во врска со наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапуваше по друг предмет со исти наводи, каде со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата упати повеќе барања за прибирање на податоци и информации до разни институции, при што беше констатирано следното:

До Државниот инспекторат за труд Скопје на 21.12.2018 година од страна на подносителот --------------------------- од Скопје било доставено барање за одлагање од извршување на конечната Одлука за откажување на Договорот за вработување бр.04-890 од 13.12.2009 година во кое барање подносителот навел дека донесувањето на предметната одлука е дел од дејствијата на мобинг за кои што имал покренато постапка пред надлежен суд и бара истата да се укине по основ на незаконитост.

Постапувајќи по барањето, Државниот инспекторат за труд Скопје извршил увид во доставената документација од барателот и документацијата доставена од работодавачот Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"Скопје, пред се во Одлуката за откажување на Договорот за вработување, каде било утврдено дека работодавачот при донесување на истата се повикал на одредбата од член 81 став 2 и 3 од Законот за работните односи и ги образложил причините за отказот. Инспекторот утврдил дека во конкретниот случај поединечниот акт е Одлуката за откажување на договорот за вработување под бр. 04-1109/1 од 27.11.2018 година во која работодавачот го навел основот за отказот утврден со закон, ја докажал основаноста на причината која го оправдува отказот и ја навел во образложението на истата.

На ден 28.01.2019 година подносителот ------------------- до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка поднела жалба против Решението на Државниот инспектор за труд при Државниот инспекторат за труд ИП 1 бр. 09-2280 од 03.01.2019 година, која жалба била одбиена како неоснована и било донесено Решение бр. ИП2бр.09-10 од 23.05.2019 година.

Од Управниот суд на Република Северна Македонија побарана е инфоромација за тоа дали Управниот суд на Република Северна Македонија постапува по предмет оформен по тужбата од тужителот -------------------- преку полномошникот Адвокат ------------------------ доставена на 31.01.2019 година до Управниот

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

суд на РСМ во врска со Известување донесено од Државниот инспекторат за труд ИП1 бр. 09-2280 од 03.01.2019 година и во која фаза се наоѓа постапката по предметот заведен пред Управниот суд на РСМ.

Од Управниот суд беше добиен одговор дека тужбата на тужителот ------------------------ од Скопје поднесена против Известувањето на Државниот инспекторат за труд -Подрачје Скопје бр. ИП 1 бр. 09-2280 од 03.01.2019 година се отфрла, од причина што не се работи за управен акт, туку за Известување за работите од областа на инспекторат на трудот и работните односи, за што е обезбедена судска заштита, па согласно одредбите од Законот за судовите, споровите од работните односи се во надлежност на основните судови, за што и подносителот / тужителот во предметната тужба навел дека повел постапка пред надлежен суд.

Во судската постапка по предметот РО -3449/18 поведена по тужба на тужителот ----------------, Основниот граѓански суд Скопје донел Пресуда со кое е одбиено тужбеното барање на тужителот ----------------.

Од спроведната постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените конкретните дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека надлежните органи преземале ги презеле сите законски дејствија ја утврдиле фактичката состојба во конкретниот случај и издале соодветни решенија поради што наводите не се потврдени и се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**